Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Технолошко – металуршки факултет - Скопје

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје
Технолошко-металуршки факултет
Бр. 02-2211/1
22-11-2024 20___ год.
Скопје

Врз основа на член член 37 став 6 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 82/2018 и 178/2021), член 47 и 65 од Статутот на Технолошко-металуршки факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 466/2019) на ден 22.11.2024 година, деканот на Технолошко-металуршки факултет-Скопје, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
за распишување на избор за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Технолошко-металуршки факултет – Скопје

**Член 1**

Се распишуваат избори за претседател и 10 (десет) членови на Факултетското студентско собрание на Технолошко-металуршки факултет - Скопје.

**Член 2**

Изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание ќе се одржат со тајно гласање на ден **20.12.2024 година (петок), во период од 10-14 часот.**

**Член 3**

Се именува изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Технолошко-металуршки факултет во Скопје во следниот состав:

1. д-р Бошко Бошковски, вонреден професор, претседател
2. м-р Ружица Стевковска Стојановска, асистент, член
3. Сара Лукиќ, студент, со број на индекс 7638, член
4. Тамара Чурлинова, студент, со број на индекс 7652, член
5. Анастасија Синадинова, студент, со број на индекс 7660, член

**Член 4**

Кандидатите за членови во факултетското собрание се утврдуваат на собири на студентите по години на студии, со тоа што од секоја студиска година се предлагаат кандидати за претставници во факултетското студентско собрание.

Факултетското студентско собрание го сочинуваат претставници од студентите по години, и тоа:

- 2 (два) претставници од прва година од прв циклус студии;
- 2 (два) претставници од втора година од прв цикпус студии;
- 3 (три) претставници од трета година од прв цикпус студии;
- 2 (два) претставници од четврта година од прв циклус студии;
- 1 (еден) претставник од постдипломски студии.

Секој кандидат потребно е да достави изјава за согласност за прифаќање на кандидатурата.

**Член 5**

Кандидирањето на претседател е лично преку поднесување на кандидатура на која даваат поддршка најмалку 30 редовни студенти од Факултетот.

За Претседател на факултетското студентско собрание може да биде избран редовен студент на Факултетот кој ги положил сите испити заклучно со трет семестар и е редовно запишан во петти семестар.

Пријавата за кандидатурата заедно со потписите за поддршка од студентите се поднесува најдоцна до **6 декември 2024 година**, преку архивата на Факултетот.

**Член 6**

Право да избираат и да бидат избрани за членови на факултетското студентско собрание имаат сите студенти на факултетот кои се запишани на студии во учебната 2024/2025 година, со запишан зимски семестар.

За избран претседател и членови на факултетското студентско собрание се смета/сметаат кандидатот/кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите кои гласале.

**Член 7**

Се задолжува изборната комисија од член 3 на оваа Одлука изборите за членови на Факултетското студентско собрание и за избор на претседател на Факултетското студентско собрание на Факултетот да ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Статутот на Технолошко-металуршкиот факултет-Скопје и Статутот на Факултетското студентско собрание на Технолошко-металуршкиот факултет-Скопје.

Изборната комисија донесува Упатство со кое се утврдува нејзината работа, го утврдува изгледот на гласачкото ливче, утврдува образец на записник, начинот на гласање и пребројување на гласовите, резултатот од гласањето, известувања, записници и сл., чување и увид во изборната документација и за други прашања поврзани со постапката за организација на изборите, гласањето и утврдување на резултатите од гласањето.

Упатството се објавува на веб-страницата на Факултетот.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, и истата се задолжително се објавува на веб страната на Факултетот, на огласна табла на Факултетот и се доставува електронски до сите студенти.

**Доставено до:**
-Именуваните
-Секретар
-Архива

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Технолошко-металуршки факултет * Скопје * Република Северна Македонија

**Декан**

**Проф. д-р Стефан Кувенџиев**

Изработил: м-р Марко Стефановски